ПП бр: 13 - 31 / 1

Врз основа на член 9 став (3), член 10 и член 24 став (1) точка 1) од Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување со земјоделски и прехрамбени производи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.66/24 од 20.03.2024 година), Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата, во состав: М-р. Борче Размоски – претседател, М-р. Малинка Силјановска Николиќ, Александар Тргачевски, Никола Трајчевски и Valon Elezi – членови, постапувајќи во постапката поведена по службена должност, со заклучок ПП бр.13-107/14 од 14.11.2025 година против Друштво за трговија, производство и услуги Диа Центер ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, со седиште на ул.„Ферид Мурати“ бр.6, Скопје, Република Северна Македонија, со ЕМБС:7267908 и ЕДБ: 4082018521335, претставувано од овластено лице/управител Шермин Салиху, на седница одржана на ден 22.01.2026 година, го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

1) Се утврдува дека Друштво за трговија, производство и услуги Диа Центер ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, со седиште на ул.„Ферид Мурати“ бр.6, Скопје, Република Северна Македонија, со ЕМБС:7267908, ЕДБ:4082018521335 и со жиро сметка број: 270072679080180 во Халк банка АД Скопје, претставувано од овластено лице/управител Шермин Салиху, сторило прекршок од член 26 став (1) точка 1) и точка 2) од Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување со земјоделски и прехрамбени производи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.66/24 од 20.03.2024 година), а во врска со член 7 ставови (3), (4), (5) и (6) од Законот, за што му се изрекува глоба во износ од 4.000,00 евра во денарска противвредност по среден курс на Народната Банка на Северна Македонија на денот на уплатата.

2) Се утврдува дека согласно член 26 став (2) од Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување со земјоделски и прехрамбени производи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.66/24 од 20.03.2024 година), на одговорното лице - управител во правното лице Друштво за трговија, производство и услуги Диа Центер ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, со седиште на ул.„Ферид Мурати“ бр.6, Скопје, Република Северна Македонија, со ЕМБС:7267908, ЕДБ:4082018521335 и со жиро сметка број: 270072679080180 во Халк банка АД Скопје, Шермин Салиху со живеалиште на Никола Петров бр.50А Скопје-Бутел, Бутел, Република Северна Македонија, му се изрекува глоба во износ од 200,00 евра во денарска противвредност по среден курс на Народната Банка на Северна Македонија на денот на уплатата.

3) Глобата од точка 1) и точка 2) од ова решение, сторителот на прекршокот е должен да ја плати во рок од 30 дена од денот на правосилноста на решението на трансакциска сметка на налогопримач: 100-0000000630-95, уплатна сметка: 840ххх[1]07337 - глоби за сторени прекршоци од областа во надлежност на Комисијата за заштита на конкуренцијата, со приходна шифра 722139 и програма 00, налогопримач - Министерство за финансии, банка на примач – НБРСМ и до Комисијата за одлучување по прекршок при

[1] Се наведува ознаката на општината согласно Списокот на општини со ознаки во Република Македонија, кој е составен дел на Упатството за начинот на евидентирање, распоредување и поврат на јавните приходи (Службен весник на Р.М. бр.8/06)

Комисијата за заштита на конкуренцијата да достави доказ/примерок од извршената уплата на глобата во рок од 15 дена од извршената уплата. Неплатената глоба или ненавремено платената глоба, ќе се наплати по присилен пат. Тужбата го одлага извршувањето на решението.

**Образложение**

**На 02.10.2025 година**, на седница на Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: КОП) врз основа на член 9, 10 и 19 од Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување на земјоделски и прехранбени производи („Службен весник на РСМ“ бр.66 од 20.03.2024 година), (во понатамошниот текст: законот) беше донесен заклучок за прибавување на докази на лице место ПП бр. 13-107/1 од 02.10.2025 година, во правното лице Друштво за трговија, производство и услуги Диа Центер ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, со седиште на Ферид Мурати бр.6, Скопје, Република Северна Македонија, со ЕМБС: 7267908 и ЕДБ: 4082018521335, претставувано од овластено лице/управител Шермин Салиху (во понатамошниот текст: ДИА ЦЕНТЕР) поради постоење на сознание дека истите поседуваат предмети, исправи или друга документација или има сознанија кои можат да бидат од значење за утврдување на прекршок.

**На 07.10.2025 година**, за време на вршењето на дејствијата во ДИА ЦЕНТЕР, предвидени со член 19 од Законот, овластените лица од Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) се претставија и легитимираа пред присутните претставници на ДИА ЦЕНТЕР и предадоа една копија од заклучокот за прибавување податоци на лице место ПП бр. 13-107/1 од 02.10.2025 година.
- На прашање на Комисијата до присутниот претставник на ДИА ЦЕНТЕР дали се запознаени со законот, истиот одговори дека е запознаен. Присутниот претставник на ДИА ЦЕНТЕР ја информираше Комисијата дека управителот на ДИА ЦЕНТЕР, Шермин Салиху е отсутна.
- Поради отсуство од државата, управителот на ДИА ЦЕНТЕР беше контактирана телефонски од страна на присутниот претставник на ДИА ЦЕНТЕР, при што од страна на Комисијата беше известена дека во ДИА ЦЕНТЕР се вршат активности предвидени со заклучокот ПП бр. 13-107/1 од 02.10.2025 година. Телефонски, управителот на ДИА ЦЕНТЕР исто така беше известен дека за потребата од прибавување на соодветна документација потребна за проверка на примената на законот, во записникот ќе бидат нотирани сите барања за прибавување на документација и еден примерок од записникот ќе биде даден на присутниот претставник на ДИА ЦЕНТЕР. Во телефонскиот разговор, управителот на ДИА ЦЕНТЕР исто така потврди дека се запознаени со законот и неговите одредби и дека се што е потребно и побарано од страна на Комисијата ќе биде доставено дополнително, во определениот рок.
На лице место од страна на овластените лица на Комисијата, во записникот ПП бр. 13-107/2 од 07.10.2025 година беа побарани и нотирани следните податоци и информации:
1. Целосна листа на добавувачи на производи кои се опфатени со законот (добавувачи на земјоделски и прехрамбени производи);

2. Договори кои биле во важност на 01.10.2024 година и биле склучени со добавувачите на ДИА ЦЕНТЕР (Дин милк компани ДООЕЛ, Актиф ДОО Скопје, Јус МБ, Даути комерц, Нимекс ДОО и Ука комерц) и
3. Аналитички картички за фактури како и доказ за плаќање на истите, (документ на затворени ставки за период од 01.10-30.10.2024 година), за погоре наведените добавувачи (Дин милк компани ДООЕЛ, Актиф ДОО Скопје, Јус МБ, Даути комерц, Нимекс ДОО и Ука комерц).

**Од страна на ДИА ЦЕНТЕР беше истакнато дека сите побарани документи наведени под точките 1, 2 и 3 ќе бидат доставени до Комисијата најдоцна до 17.10.2025 година и истото беше нотирано во записникот ПП бр.13-107/2 од 07.10.2025 година.**

**Понатаму, КОП констатираше дека ДИА ЦЕНТЕР не ги достави податоците побарани/наведени во записникот ПП бр.13-107/2 од 07.10.2025 година во определениот рок и заради сторен евентуален прекршок од член 27 став 1 точка (1) и точка (3) од Законот, на седница одржана на 24.10.2025 година, КОП донесе заклучок за поведување на прекршочна постапка ПП бр.13-107/3 од 24.10.2025 година. Овој заклучок беше испратен до ДИА ЦЕНТЕР со допис ПП бр. 13-107/4 од 24.10.2025 година.**

**На 24.10.2025 година,** на седница на КОП беше донесен заклучок за прибавување на податоци ПП бр. 13-107/5 од добавувачите на ДИА ЦЕНТЕР - (Друштво со ограничена одговорност со едноличен капитал ЈУС МБ дооел с.Сарај Скопје; Друштво со ограничена одговорност Нимекс ДОО Скопје и Ука комерц ДООЕЛ Скопје). Со заклучокот ПП бр. 13-107/5 од 24.10.2025 година, наведените друштва беа задолжени до КОП да доставаат:

- Оригинал или копија верна на оригиналот од договори за деловна соработка склучени со деловниот партнер ДИА ЦЕНТЕР и
- Излезни фактури спрема деловниот партнер ДИА ЦЕНТЕР за период 01.10.2024-31.10.2024 година, како и доказ за плаќање на фактурите (преглед на затворени ставки).

Заклучокот за прибавување на податоци ПП бр. 13-107/5 беше доставен:

- Со допис ПП бр.13-107/6 од 24.10.2025 година, до Друштво со ограничена одговорност со едноличен капитал ЈУС МБ дооел с.Сарај Скопје;
- Со допис ПП бр.13-107/7 од 24.10.2025 година, до Друштво со ограничена одговорност Нимекс ДОО Скопје;
- Со допис ПП бр.13-107/8 од 24.10.2025 година, Заклучокот ПП бр. 13-107/5 беше доставен до Друштво за производство и промет Ука комерц увоз-извоз Скопје.

Од страна на добавувачите на ДИА ЦЕНТЕР - (Друштво со ограничена одговорност со едноличен капитал ЈУС МБ дооел с.Сарај Скопје; Друштво со ограничена одговорност Нимекс ДОО Скопје и Ука комерц ДООЕЛ Скопје), до КОП беа доставени побараните податоци во предвидениот рок, и тоа:

- Со допис ПП бр.13-107/9 и ПП бр.13-107/11 од 31.10.2025 година од Ука комерц;
- Со допис ПП бр.13-107/12 од 03.11.2025 година од Нимекс ДОО и
- Со допис ПП бр.13-107/13 од 04.11.2025 година од ЈУС МБ.

**На 31.10.2025 година,** без придружно писмо или објаснување, од страна на ДИА ЦЕНТЕР до КОП беа доставени податоци кои се заведени под ПП бр. 13-107/10 од 31.10.2025 година, и тоа:

- Примерокот од Заклучокот ПП бр. 13-107/1 од 02.10.2025 година, кој беше предаден на присутниот претставник на ДИА ЦЕНТЕР при вршењето на увидот на лице место во друштвото;
- Примерокот од Записникот ПП бр. 13-107/2 од 07.10.2025 година, кој беше предаден на присутниот претставник на ДИА ЦЕНТЕР при вршењето на увидот на лице место во друштвото;
- Договор за деловна соработка од 01.10.2024 година помеѓу ДИА ЦЕНТЕР и Дин Милк Компани увоз-извоз ДООЕЛ Скопје и Картица за истиот добавувач;
- Анекс кон основниот договор за деловна соработка од 29.01.2025 година помеѓу ДИА ЦЕНТЕР и АКТИФФ ДОО Скопје и Картица за истиот добавувач;
- Анекс кон договор за деловна соработка за 2024 година помеѓу ДИА ЦЕНТЕР и Даути Комерц А.Д. Бојане и Картица за истиот добавувач;
- Договор за деловна соработка (без датум и рок на важност) помеѓу ДИА ЦЕНТЕР и ЈУС МБ ДООЕЛ и Картица за истиот добавувач;
- Договор за деловна соработка (28.09-31.12.2024 година) помеѓу ДИА ЦЕНТЕР и Нимекс ДОО Скопје и Картица за истиот добавувач и
- Договор за деловна соработка од 01.10.2024 година помеѓу ДИА ЦЕНТЕР и Ука Комерц ДООЕЛ Скопје и Картица за истиот добавувач.

**На 14.11.2025 година,** согласно погоре наведеното, а поради евентуално сторен прекршок согласно член 26 став (1) точка 1) и/или точка 2) и став (2) од Законот, а во врска со член 7 став (2), став (3) и став (6) од Законот, КОП на седница донесе заклучок за поведување на прекршочна постапка ПП бр. 13-107/14 против ДИА ЦЕНТЕР и Одговорното лице/-Управител во ДИА ЦЕНТЕР - Шермин Салиху.

**На 14.11.2025 година,** на истата седница, КОП донесе и заклучок за спојување на прекршочните постапки ПП бр. 13-107/15, со кој претходно поведената прекршочна постапка ПП бр. 13-107/3 од 24.10.2025 година се спои со поведената постапка ПП бр. 13-107/14 од 14.11.2025 година.

**На ден 26.12.2025 година,** КОП на седница донесе известување за утврдена фактичка состојба ПП бр. 13-107/16, кое беше доставено до ДИА ЦЕНТЕР со допис ПП бр. 13-107/17 од 26.12.2025 година.

Од страна на ДИА ЦЕНТЕР, до КОП не беа доставени дополнителни забелешки и докази со кои располагаат, а кои според нив се од значење за утврдување на фактичката состојба во предвидениот законски рок од 15 дена.

**Имајќи ги во предвид сите прибавени податоци и информации во текот на постапката, КОП утврди дека ДИА ЦЕНТЕР не постапува согласно задолжителните одредби од законот, а ваквото однесување на Диа Центер претставува прекршок од член 26 став (1) точка 1) и точка 2) од законот, а во врска со член 7 ставови (3), (4), (5) и (6) од Законот.**

Согласно член 7 став (1) од Законот, договорот за снабдување на земјоделски и прехранбени производи меѓу добавувачот и купувачот мора да биде склучен во писмена форма пред испорака на земјоделски или прехранбени производи.

Согласно член 7 став (2) од Законот, договорот од ставот (1) на истиот член мора да ги содржи сите услови кои се неопходни за уредување на деловниот однос меѓу добавувачот и купувачот како договорни страни.

Согласно член 7 став (3) од Законот, покрај условите од ставот (2) на истиот член, во договорот за снабдување од ставот (1) на овој член мора на јасен и недвосмислен начин да бидат утврдени и општите деловни услови меѓу договорните страни, кои не смеат да содржат одредби кои се сметаат за нефер трговски практики, согласно со член 8 од Законот.

Согласно член 7 став (4) од Законот, со општите деловни услови од ставот (3) на истиот член се утврдуваат условите за продажба и купување, правата и обврските на добавувачот и правата и обврските на купувачот, обезбедување на побарувањата на добавувачот, правата и обврските на добавувачот и на купувачот, во случај кога купувачот ќе го раскине договорот, размената на информациите, измената на општите услови, виша сила, решавање спорови, заштита на личните податоци и доверливост.

Согласно член 7 став (5) од Законот, општите деловни услови од ставовите (3) и (4) на овој член се обврзувачки за договорните страни од ставот (1) на овој член.

Согласно член 7 став (6) од Законот, доколку договорот за снабдување од ставот (1) на овој член предвидува редовна испорака на:

- лесно расипливи земјоделски и прехранбени производи, условите и роковите за плаќање на секоја испорака од ставот (2) точка 4) на овој член не можат да бидат подоцна од 30 дена по завршувањето на договорениот период на испорака во кој е извршена или подоцна од 30 дена по датумот на кој е утврден износот во испратницата или фактурата што треба да се плати за тој период на испорака, без оглед кој од овие датуми е подоцнежен и
- други земјоделски и прехранбени производи кои не се сметаат за расипливи, условите и роковите за плаќање на секоја испорака од ставот (2) точка 4) на овој член не можат да бидат подоцна од 60 дена по завршувањето на договорениот период на испорака во кој е извршена или подоцна од 60 дена по датумот на кој е утврден износот во испратницата или фактурата што треба да се плати за тој период на испорака, без оглед кој од овие датуми е подоцнежен.

**Во врска со погоре наведеното, КОП утврди дека**:

- ДИА ЦЕНТЕР со добавувачот Ука Комерц Дооел Скопје има склучено договор за деловна соработка од 01.10.2024 година, т.е. пред стапување на сила на Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување со земјоделски и прехрамбени производи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.66/24 од 20.03.2024 година).

Овој договор, во својата форма и содржина не ги содржи сите услови кои се неопходни за уредување на деловниот однос меѓу добавувачот и купувачот како договорни страни како и општите деловни услови меѓу договорните страни, а во кој договор согласно законските одредби од член 7, мора на јасен и недвосмислен начин да бидат утврдени и општите деловни услови меѓу договорните страни, а кои услови не смеат да содржат одредби кои се сметаат за нефер трговски практики согласно со член 8 од законот, а истите се обврзувачки за договорните страни. Конкретно, во наведениот договор не се содржани задолжителните законски одредби за: квалитетот и видот на земјоделскиот и прехранбениот производ што се доставува до купувачот; времетраењето на договорот и престанување и раскинување на договорот предвидени со член 7 став (2) точки 2), 6) и 7) од законот.

- ДИА ЦЕНТЕР од добавувачот Нимекс ДОО Скопје има набавено производи кои се опфатени со законот, видно од прибавените фактури со број: 2400025544 од 29.10.2025 година на износ од 33.941,00 денари и фактурата со број 2400025545 од 29.10.2024 година на износ од 64.315,00 денари.
  Двете наведени фактури согласно максималниот предвиден рок за плаќање во законот доспевале за плаќање најдоцна до 28.12.2024 година.
  Видно од прибавените картици за плаќање - (преглед на затворени ставки), двете наведени фактури се платени од страна на ДИА ЦЕНТЕР на 06.02.2025 година, односно по истек на 100 дена од датумот на фактурите, при што КОП констатира доцнење од 40 денови во однос на законската обврска за плаќање предвидена во член 7 став (6) од Законот

- ДИА ЦЕНТЕР од добавувачот ЈУС МБ ДООЕЛ дооел има набавено производи кои се опфатени со законот, видно од прибавените фактури со број: А-23288/24 од 03.10.2024 година на износ од 36.550,00 денари; фактура број А-25058 од 24.10.2024 година на износ од 13.275,00 денари и фактура број А-25106 од 24.10.2024 година на износ од 36.372,00 денари.
  Фактурата А-23288/24 од 03.10.2024 година на износ од 36.550,00 денари, согласно максималниот предвиден рок за плаќање во законот доспевала најдоцна на 02.12.2025 година.
  Фактурите со број А-25058 од 24.10.2024 година на износ од 13.275,00 денари и број А-25106 од 24.10.2024 година на износ од 36.372,00 денари, согласно максималниот предвиден рок за плаќање во законот доспевале најдоцна на 23.12.2025 година.
  Видно од прибавените картиците за плаќање - (извод и преглед), наведените фактури се платени на 03.03.2025 година, односно по изминување на 130 и 150 дена од датумот на фактурите, при што КОП констатира доцнење од 70, односно 90 денови во однос на законската обврска за плаќање предвидена во член 7 став (6) од Законот.

Немањето на договор за снабдување на земјоделски и прехранбени производи меѓу добавувачот и купувачот склучен во писмена форма пред испорака на земјоделски или прехранбени производи кој во својата форма и содржина не ги содржи одредбите предвидени согласно член 7 став (2), (3) и (4) од Законот, а кои одредби се обврзувачки согласно став (5) од истиот член, претставува прекршок од член 26 став (1) точка 1) од Законот.

Непочитувањето на условите и роковите на плаќање, согласно со членот 7 став (6) од законот, претставува прекршок од член 26 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 11 од Законот, Комисијата за заштита на конкуренцијата за одлучување по прекршок и при водење прекршочна постапка соодветно ги применува одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата и од Законот за општата управна постапка, освен ако со Законот за прекршоци и со овој закон поинаку не е определено.

Согласно член 17 став (1) од Законот за прекршоците, ако сторителот со едно дејствие или со повеќе дејствија сторил повеќе прекршоци, но не е донесена одлука за прекршок, претходно ќе се утврди санкцијата за секој одделен прекршок, а потоа ќе се изречат како единствена санкција сите така утврдени санкции.

Согласно член 17 став (2) од Законот за прекршоците, ако за повеќе прекршоци сторени во стек е утврдена глоба ќе се изрече единствена санкција што е еднаква на збирот на одделно утврдената глоба, која не може да го надмине законскиот максимум на глобата пропишана со закон.

Согласно член 26 став (1) точка 1) од Законот, КОП на правното лице ќе му изрече глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност за микротрговец, глоба во износ од 2.000 до 4.000 евра во денарска противвредност за мал трговец, глоба во износ од 6.000 до 12.000 евра во денарска противвредност за среден трговец и глоба во износ од 10.000 до 20.000 евра во денарска противвредност за голем трговец, ако во договорот за снабдување на јасен и недвосмислен начин не се утврдени општите деловни услови меѓу договорните страни, согласно со членот 7 ставови (3), (4) и (5) од Законот.

Согласно член 26 став (2) од Законот, КОП на одговорното лице во правното лице за дејствата од ставот (1) на истиот член, ќе му изрече глоба во износ од 50 до 100 евра во денарска противвредност за микротрговец, глоба во износ од 100 до 200 евра во денарска противвредност за мал трговец, глоба во износ од 200 до 350 евра во денарска противвредност за среден трговец и глоба во износ од 350 до 500 евра во денарска противвредност за голем трговец.

Согласно член 28 став (1) од Законот, во одмерувањето на износот на глобата, КОП ќе ги земе во предвид тежината на прекршокот, времетраењето на прекршокот и опсегот на повредата и последиците предизвикани со прекршокот.

Согласно член 28 став (2) од Законот, КОП при одмерување на глобата, најпрво определува основен износ на глобата, а потоа истиот го приспособува, земајќи ги предвид олеснителните или отежнителните околности.

Согласно наодите на КОП во текот на целата постапка е утврдено постоење на прекршоци согласно член 27 став (1) точка 1), член 27 став (1) точка 3), член 26 став (1) точка 1) и точка 2) и член 26 став (2) од законот, а во врска со членовите 18 став (2), член 19 и член 7 ставови (3), (4), (5) и (6) од законот.

Во врска со истото, КОП утврди дека согласно член 17 став (2) од законот за прекршоци, за повеќе прекршоци сторени во стек ќе му се изрече единствена санкција на ДИА ЦЕНТЕР како и единствена санкција на одговорното лице во ДИА ЦЕНТЕР.

Согласно член 26 став (1) од Законот, на правното лице Друштво за трговија, производство и услуги Диа Центер ДООЕЛ увоз извоз Скопје, со седиште на ул.„Ферид Мурати“ бр.6, Скопје, Република Северна Македонија, со ЕМБС:7267908, ЕДБ: 4082018521335 и жиро сметка број: 270072679080180 во Халк банка АД Скопје, ќе му изрече глоба во износ од 4.000,00 евра во денарска противвредност по среден курс на Народната Банка на Северна Македонија на денот на уплатата и

Согласно член 26 став (2) од Законот, на одговорното лице (Управител) во правното лице Друштво за трговија, производство и услуги Диа Центер ДООЕЛ увоз извоз Скопје, со седиште на ул.„Ферид Мурати“ бр.6, Скопје, Република Северна Македонија, со ЕМБС: 7267908 и ЕДБ: 4082018521335, Шермин Салиху со живеалиште на адреса Никола Петров бр.50А, Скопје, Република Северна Македонија, ќе му изрече глоба во износ од 200,00 евра во денарска противвредност по среден курс на Народната Банка на Северна Македонија на денот на уплатата.

Заради сето горе наведено се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд во рок од триесет (30) дена од денот на приемот на ова решение. Тужбата го одлага извршувањето на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ПРЕКРШОК**
**Претседател**
**М-р. Борче Размоски**